РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2434/3
01-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречувањена корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2434/1 од 16.07.2026 година, поднесена во врска со наводи за сомневање за незаконито работење на ---- АД Скопје, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во смисла на член 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2434/1 од 16.07.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 16.07.2026 година, поднесена е пријава во врска со наводи за сомневање за незаконито работење на ---- АД Скопје и оформен е предмет бр. 12-2434/1 од 16.07.2026 година.

Во пријавата подносителот изнесува наводи за наводни незаконитости во работењето на ---- АД Скопје, во врска со долгови кои настанале како резултат на неправилности во врска со работење на броило за електрична енергија.

Според член 2 став 1 од Законот за спречувањена корупцијата и судирот на интереси, под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на

функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Според член 8 став 2 од ЗСКСИ, под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

По разгледувањето на предметните наводи ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување, од причина што во пријавата нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во смисла на член 2, односно член 8 од ЗСКСИ, односно пријавеното правно лице е приватно акционерско друштво и неговите раководни лица немаат својство на службени лица во смисла на горенаведената законска одредба.

Видно од предметната пријава, истата покрај до ДКСК, е доставена и до други државни институции, меѓу кои и до Владата на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, Министерството за енергетика и Државниот завод за ревизија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК

**Доставено до:**
**- подносителот на пријавата**